# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## Општина Гази Баба

02 март 2023 | Излегува по потреба | Година XVIII | број 4



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ НА АД "ВОДОСТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" - ПОДРУЖНИЦА "СКОПСКО ПОЛЕ" - СКОПЈЕ, ЗА СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ ОКОЛУ ЧИСТЕЊЕТО НА КАНАЛСКАТА МРЕЖА ЗА ОДВОДНУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2022 ГОДИНА**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на извештајот на АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2022 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 27 февруари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1768/1**
**од 02 март 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (4), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13) а во врска со член 3 став (2) од Одлуката за превземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2022 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.3/22), расправајќи по извештајот на АД ''Водостопанство на Република Северна Македонија'' - Подружница ''Скопско Поле'' - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2022 година, бр.08-411/1 од 24.01.2023 година, Советот на Општина Гази Баба на дваесет и треттата седница одржана на 27 февруари 2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ НА АД ''ВОДОСТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА'' - ПОДРУЖНИЦА ''СКОПСКО ПОЛЕ'' - СКОПЈЕ, ЗА СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ ОКОЛУ ЧИСТЕЊЕТО НА КАНАЛСКАТА МРЕЖА ЗА ОДВОДНУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2022 ГОДИНА**

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува извештајот на АД ''Водостопанство на Република Северна Македонија'' - Подружница ''Скопско Поле'' - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2022 година, бр.08-411/1 од 24.01.2023 година.

2. Заклучокот да се достави до АД ''Водостопанство на Република Северна Македонија'' - Подружница ''Скопско Поле'' - Скопје.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1233/4**
**од 27 февруари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕВЗЕМАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ЗА ПЛАЌАЊЕ НАДОМЕСТОК ЗА ОДВОДНУВАЊЕ, НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ ФИЗИЧКИ ЛИЦА - КОРИСНИЦИ ЗА 2023 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за превземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2023 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 27 февруари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1768/2**
**од 02 март 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (4), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 19 став (1) од Законот за водостопанство ("Службен весник на РМ" бр.51/15 и 193/15 и 189/16) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по предлогот за превземање на обврската за плаќање надоместок за одводнување за 2023 година, бр.08-411/1 од 24.01.2023 година, Советот на Општина Гази Баба на дваесет и третата седница одржана на 27 февруари 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРЕВЗЕМАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ЗА ПЛАЌАЊЕ НАДОМЕСТОК ЗА ОДВОДНУВАЊЕ, НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ ФИЗИЧКИ ЛИЦА - КОРИСНИЦИ ЗА 2023 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Гази Баба превзема обврска за плаќање на надоместок за одводнување на индивидуалните физички лица - корисници (сопственици/корисници на индивидуални станбени објекти и земјоделско земјиште), на подрачјето на општината за 2023 година.

Превземената обврска од став (1) на овој член, општината треба да ја исполни кон АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје и истата се однесува за 2023 година.

**Член 2**

На подрачјето на Општина Гази Баба под системот за одводнување "Скопско Поле" се опфатени вкупно 2175 ха, од кои 1371 ха поседуваат индивидуалните физички лица - корисници.

Надоместот по хектар (ха) изнесува 2.400,00 денари.

Вкупниот надомест кој општината треба да го исплати на АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје за 2023 година изнесува 3.882.672,00 денари со вклучен ДДВ.

**Член 3**

Надоместокот од член 2 став (3) на оваа одлука, ќе биде искористен за редовно и навремено чистење на каналската мрежа на подрачјето на општината од страна на АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, се со цел спречување на евентуални поплави на земјоделското земјиште и други површини на подрачјето на општината.

За спроведените активности за редовно и навремено чистење на каналската мрежа на подрачјето на општината, АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје е должно да поднесе извештај на почетокот на наредната година за годината за која се наменети средствата од член 2 став (3) на оваа одлука.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор за превземањето на обврската за плаќање на надоместок за одводнување на индивидуалните физички лица - корисници за 2023 година, со АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје.

Договорот од став (1) од овој член задолжително содржи одредба за увид на Општина Гази Баба во текот на активностите од членот 3 од оваа одлука.

Склучениот договор од став 1 на овој член, во целост ја заменува законската обврска и можноста АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, согласно одредбите од Законот за водостопанство да издава решенија за одводнување до физичките лица - корисници кои се опфатени со оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1233/5**
**од 27 февруари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОЧЕТОК И ЗАВРШЕТОК НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ ВО ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на почеток и завршеток на работното време во ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 27 февруари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1768/3**
**од 02 март 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 67 став (6) од Законот за заштита на децата "Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/2, 150/22 и 236/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по барањето на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.09-1111/1 од 17.02.2023 година, Советот на Општина Гази Баба на дваесет и треттата седница одржана на 27 февруари 2023 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОЧЕТОК И ЗАВРШЕТОК НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ ВО ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

**Член 1**

Се утврдува почеток и завршеток на работното време во ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 2**

Почеток на работното време во објектите на јавната установа е **06 часот**.

Завршеток на работното време во објектите на јавната установа е **18 часот**.

**Член 3**

Одлуката да се достави до ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 4**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на почеток и завршеток на работното време во ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.1/15).

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1233/6**
**од 27 февруари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИКОТ
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ
ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА, ВО ЈУДГ
"ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места, во ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 27 февруари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1768/4
од 02 март 2023 година
Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20) а во врска со член 116 став (1) алинеја 8 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.09-289/1 од 17.01.2023 година, Советот на Општина Гази Баба на дваесет и треттата седница одржана на 27 февруари 2023 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА, ВО ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

### Член 1

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.01-23/1 од 09.01.2023 година, донесен од управниот одбор на установата, со одлука бр.02-10/5 од 09.01.2023 година.

### Член 2

Одлуката да се достави до ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1233/7**
**од 27 февруари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Советот на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 27 февруари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1768/5**
**од 02 март 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 47 и член 49 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14 и 4/22) а во врска со член 133 и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и треттата седница одржана на 27 февруари 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Во Одлуката за избор на претседател и членови на комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.13/21), во член 1 "за членови" зборовите "д-р БИЛЈАНА КРСТЕВСКА" се заменуваат со зборовите **"МАРИЈАЃОШЕВСКА"**.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1233/8**
**од 27 февруари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА НЕГУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ТРАДИЦИИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД, ЗЕДНИЦИТЕ И МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА И ЗАШТИТА НА ИСТОРИСКИТЕ СПОМЕНИЦИ И СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисијата за негување и чување на традициите на македонскиот народ, заедниците и македонската држава и заштита на историските споменици и спомен обележја на Советот на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 27 февруари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1768/6**
**од 02 март 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 47 и член 49 од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14 и 4/22) а во врска со член 134 и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и третата седница одржана на 27 февруари 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА НЕГУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ТРАДИЦИИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД, ЗЕДНИЦИТЕ И МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА И ЗАШТИТА НА ИСТОРИСКИТЕ СПОМЕНИЦИ И СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Во Одлуката за избор на претседател и членови на комисијата за негување и чување на традициите на македонскиот народ, заедниците и македонската држава и заштита на историските споменици и спомен обележја на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.13/21), во член 1 "за претседател" зборовите "д-р БИЛЈАНА КРСТЕВСКА" се заменуваат со зборовите **"МАРИЈАЃОШЕВСКА"**.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1233/9**
**од 27 февруари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА УЧЕСТВО ВО СКЛУЧУВАЊЕ НА БРАКОВИ ВО МАТИЧНАТА СЛУЖБА НА ГРАД СКОПЈЕ И МЕСНИТЕ КАНЦЕЛАРИИ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за определување на членови од Советот на Општина Гази Баба, за учество во склучување на бракови во матична служба на Град Скопје и месните канцеларии во Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 27 февруари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1768/7**
**од 02 март 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 27 став (1) од Законот за семејството ("Службен весник на РМ" бр.80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15, 150/15 и "Службен весник на РСМ" бр.53/21), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и треттата седница одржана на 27 февруари 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА УЧЕСТВО ВО СКЛУЧУВАЊЕ НА БРАКОВИ ВО МАТИЧНАТА СЛУЖБА НА ГРАД СКОПЈЕ И МЕСНИТЕ КАНЦЕЛАРИИ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Во Одлуката за определување на членови од Советот на Општина Гази Баба за учество во склучување на бракови во матичната служба на Град Скопје и месните канцеларии во Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.12/21), во член 1 став (1) точка - II. МЕСНА КАНЦЕЛАРИЈА - МАЏАРИ, зборовите "м-р ЖИВКО БЕЛЧЕВ" и "АНИТА ЦВЕТАНОСКА-МИЛЕСКА", се заменуваат со зборовите **"НИКОЛА ТУТЕВСКИ"** и **"м-р ИВАН СИМОНОВСКИ"**.

**Член 2**

Во член 1 став (1) точка - III. МЕСНА КАНЦЕЛАРИЈА - СИНГЕЛИЌ, зборовите "ВИОЛЕТА ЗДРАВЕВСКА" се заменуваат со зборовите **"МАРТИН ДЕСПОДОВСКИ"**.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1233/10**
**од 27 февруари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД "НОВО НОРДИСК ФАРМА" ДООЕЛ СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за примање на донација од "Ново Нордиск Фарма" ДООЕЛ Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 27 февруари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1768/8**
**од 02 март 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 6 и член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на РМ" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 6 став (3) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и третата седница одржана на 27 февруари 2023 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД "НОВО НОРДИСК ФАРМА" ДООЕЛ СКОПЈЕ

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Гази Баба во својство на примател на донација прима донација од ДТГМ "Ново Нордиск Фарма" ДООЕЛ увоз - извоз Скопје, во својство на давател на донација.

**Член 2**

Донацијата се состои од паметна канта за собирање и селекција на отпад, со димензии 200 x 140 x 60 во вкупна вредност од 86.000,00 (осумдесетишестиљјади) денари со вклучен ДДВ.

**Член 3**

Донираната ствар од член 2 од оваа одлука ќе биде поставена во ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба - Скопје и е во насока на подигнување на свеста за заштита на животната средина во основните училишта, потикнување и зголемување на навиките на децата за соодветно собирање и селектирање на отпадот.

**Член 4**

За реализација на оваа одлука а по приемот на предметот на донацијата, се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор за донација во писмена форма со давателот на донацијата, согласно Законот за облигационите односи.

**Член 5**

Одлуката да се достави до давателот на донацијата и општинската администрација.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1233/11**
**од 27 февруари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ, УПОТРЕБА И ОДРЖУВАЊЕ НА КАНАЛИЗАЦИОНЕН СИСТЕМ И ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ОДВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ЈУРУМЛЕРИ, НА ДАВАТЕЛ НА УСЛУГА - "ЈКП ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ

1. Се објавува Одлуката за предавање на користење, употреба и одржување на канализационен систем и пречистителна станица за одведување на урбани отпадни води во населено место Јурумлери, на давател на услуга - ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 27 февруари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1768/9**
**од 02 март 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 4 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 32 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води ("Службен весник на РМ" бр.68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/155, 31/16 и "Службен весник на РСМ" бр.21/21) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и третата седница одржана на 27 февруари 2023 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ПРЕДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ, УПОТРЕБА И ОДРЖУВАЊЕ НА КАНАЛИЗАЦИОНЕН СИСТЕМ И ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ОДВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ЈУРУМЛЕРИ, НА ДАВАТЕЛ НА УСЛУГА - "ЈКП ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ

### Член 1

Со оваа одлука се уредуваат условите и начинот за предавање на користење, употреба и одржување на канализационен систем и пречистителна станица за одведување на урбани отпадни води во населено место Јурумлери, на давател на услуга - ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, како и надзор над спроведување на оваа одлука.

### Член 2

Канализациониот систем од член 1 од оваа одлука се состои од фекална вакумска мрежа со должина од 5.600 метри, пречистителна станица за одведување на отпадни води со изграден капацитет од 1500 ЕЖ , вакумска станица и систем за мониторинг.

### Член 3

Се предава на користење, употреба и одржување канализациониот систем, пречистителната станица за одведување на урбани отпадни води, вакумска станица и систем за мониторинг во населено место Јурумлери, на давател на услуга - ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, во понатамошниот текст - давател на услугата.

### Член 4

ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје како давател на услугата е одговорно за законито користење, располагање, употреба и одржување на канализационен систем, пречистителна станица за одведување на урбани отпадни води, вакумска станица и систем за мониторинг во населено место Јурумлери, како и за објектите, уредите и постројките како нивен составен дел.

### Член 5

Давателот на услугата преку органите на управување на претпријатието а во согласност со законските и подзаконските акти кои ја регулираат ова материја, ја утврдува висината на надоместок за приклучување на корисниците на услугата на канализациониот систем.

**Член 6**

Согласност на висината на надоместокот за приклучување од член 5 од оваа одлука, дава Советот на Општина Гази Баба.

**Член 7**

Се задолжува секторот за финансиски прашања по влегување во сила на оваа одлука, канализационен систем, пречистителна станица за одведување на урбани отпадни води, вакумска станица и систем за мониторинг во населено место Јурумлери, да ги воведе во финансиско - материјалната сметководствена евиденција на општината.

**Член 8**

Надзор над спроведување на оваа одлука врши општинската администрација преку надлежниот сектор.

**Член 9**

За се што не ѐ регулирано со оваа одлука ќе се применуваат законските и подзаконските акти кои ја регулираат оваа материја.

**Член 10**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1233/12**
**од 27 февруари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМАЊЕ И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ООУ "ЊЕГОШ" - ЈУРУМЛЕРИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Његош" - Јурумлери, Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 27 февруари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1768/10**
**од 02 март 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка (10) и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (''Службен весник на РМ'' бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и ''Службен весник на РСМ'' бр.101/19, 275/19 и 122/21) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13) а во врска со Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба (''Службен весник на РСМ'' бр.24/23), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и треттата седница одржана на 27 февруари 2023 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ПРИМАЊЕ И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ООУ ''ЊЕГОШ'' - ЈУРУМЛЕРИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

### Член 1

Со оваа одлука Општина Гази Баба од Владата на Република Македонија, прима на трајно користење без надомест движни ствари за потребите на ООУ ''Његош'' - Јурумлери, Општина Гази Баба - Скопје, согласно Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба,бр.41-850/4 од 1 февруари 2023 година (''Службен весник на РСМ'' бр.24/23).

### Член 2

Пренесеното право на користење на движните ствари без надомест, за потребите на ООУ ''Његош'' - Јурумлери, Општина Гази Баба - Скопје, се однесува на следните движни ствари:

| Ред.број | Назив на движните ствари | Опис на движните ствари | Количина (парче) |
|---|---|---|---|
| 1. | Таблет компјутер | Производител: Lenovo<br>Модел: tabM10<br>Сериски број:HGAM48HF | 1 |
| 2. | Таблет компјутер | Производител: Lenovo<br>Модел: tabM10<br>Сериски број:HGAM48QL | 1 |
| 3. | Таблет компјутер | Производител: Lenovo<br>Модел: tabM10<br>Сериски број:HGAM48WJ | 1 |
| 4. | Таблет компјутер | Производител: Lenovo<br>Модел: tabM10<br>Сериски број:HGAM4CB7 | 1 |
| 5. | Таблет компјутер | Производител: Lenovo<br>Модел: tabM10<br>Сериски број:HGAM4CC2 | 1 |
| 6. | Таблет компјутер | Производител: Lenovo<br>Модел: tabM10<br>Сериски број:HGAM48RT | 1 |
| 7. | Таблет компјутер | Производител: Lenovo<br>Модел: tabM10<br>Сериски број:HGAM49FY | 1 |
| 8. | Таблет компјутер | Производител: Lenovo<br>Модел: tabM10<br>Сериски број:HGAM496A | 1 |
| 9. | Таблет компјутер | Производител: Lenovo<br>Модел: tabM10<br>Сериски број:HGAM497T | 1 |

**Член 3**

Општина Гази Баба движните ствари од член 2 од оваа одлука, ги дава на трајно користење без надомест на ООУ ''Његош'' - Јурумлери, Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор со Министерот за образование и наука, со кој ќе се уредат правата и обврските за движните ствари од член 2 од оваа одлука.

**Член 5**

Се задолжува ООУ ''Његош'' - Јурумлери, Општина Гази Баба - Скопје, по уреден прием на движните ствари, истите да ги воведе во финансиско - материјалната сметководствена евиденција.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1233/13**
**од 27 февруари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМАЊЕ И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ООУ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СТАЈКОВЦИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Кирил и Методиј" - Стајковци, Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 27 февруари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1768/11**
**од 02 март 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка (10) и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (''Службен весник на РМ'' бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и ''Службен весник на РСМ'' бр.101/19, 275/19 и 122/21) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13) а во врска со Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба (''Службен весник на РСМ'' бр.24/23), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и треттата седница одржана на 27 февруари 2023 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ПРИМАЊЕ И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ООУ ''КИРИЛ И МЕТОДИЈ'' - СТАЈКОВЦИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

### Член 1

Со оваа одлука Општина Гази Баба од Владата на Република Македонија, прима на трајно користење без надоместдвижни ствари за потребите на ООУ ''Кирил и Методиј'' - Стајковци, Општина Гази Баба - Скопје, согласно Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба,бр.41-850/5 од 1 февруари 2023 година (''Службен весник на РСМ'' бр.24/23).

### Член 2

Пренесеното право на користење на движните ствари без надоместг, за потребите на ООУ ''Кирил и Методиј'' - Стајковци, Општина Гази Баба - Скопје, се однесува на следните движни ствари:

| Ред.број | Назив на движните ствари | Опис на движните ствари | Количина (парче) |
|---|---|---|---|
| 1. | Таблет компјутер | Производител: Lenovo<br>Модел: tabM10<br>Сериски број:HGAM48RW | 1 |
| 2. | Таблет компјутер | Производител: Lenovo<br>Модел: tabM10<br>Сериски број:HGAM4BFJ | 1 |
| 3. | Таблет компјутер | Производител: Lenovo<br>Модел: tabM10<br>Сериски број:HGAM4BGJ | 1 |
| 4. | Таблет компјутер | Производител: Lenovo<br>Модел: tabM10<br>Сериски број:HGAM4BGY | 1 |
| 5. | Таблет компјутер | Производител: Lenovo<br>Модел: tabM10<br>Сериски број:HGAM4BR6 | 1 |
| 6. | Таблет компјутер | Производител: Lenovo<br>Модел: tabM10<br>Сериски број:HGAM4BRF | 1 |

### Член 3

Општина Гази Баба движните ствари од член 2 од оваа одлука, ги дава на трајно користење без надомест на ООУ ''Кирил и Методиј'' - Стајковци, Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор со Министерот за образование и наука, со кој ќе се уредат правата и обврските за движните ствари од член 2 од оваа одлука.

**Член 5**

Се задолжува ООУ "Кирил и Методиј" - Стајковци, Општина Гази Баба - Скопје, по уреден прием на движните ствари, истите да ги воведе во финансиско - материјалната сметководствена евиденција.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1233/14**
**од 27 февруари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМАЊЕ И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ООУ "КРУМ ТОШЕВ" - ТРУБАРЕВО, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Крум Тошев" - Трубарево, Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 27 февруари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1768/12**
**од 02 март 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка (10) и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и "Службен весник на РСМ" бр.101/19, 275/19 и 122/21) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13) а во врска со Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба ("Службен весник на РСМ" бр.24/23), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и треттата седница одржана на 27 февруари 2023 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ПРИМАЊЕ И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ООУ "КРУМ ТОШЕВ" - ТРУБАРЕВО, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

### Член 1

Со оваа одлука Општина Гази Баба од Владата на Република Македонија, прима на трајно користење без надомест движни ствари за потребите на ООУ "Крум Тошев" - Трубарево, Општина Гази Баба - Скопје, согласно Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба,бр.41-850/6 од 1 февруари 2023 година ("Службен весник на РСМ" бр.24/23).

### Член 2

Пренесеното право на користење на движните ствари без надомест, за потребите на ООУ "Крум Тошев" - Трубарево, Општина Гази Баба - Скопје, се однесува на следните движни ствари:

| Ред.број | Назив на движните ствари | Опис на движните ствари | Количина (парче) |
|---|---|---|---|
| 1. | Таблет компјутер | Производител: Lenovo<br>Модел: tabM10<br>Сериски број:HGAM49WF | 1 |
| 2. | Таблет компјутер | Производител: Lenovo<br>Модел: tabM10<br>Сериски број:HGAM49PW | 1 |

### Член 3

Општина Гази Баба движните ствари од член 2 од оваа одлука, ги дава на трајно користење без надомест на ООУ "Крум Тошев" - Трубарево, Општина Гази Баба - Скопје.

### Член 4

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор со Министерот за образование и наука, со кој ќе се уредат правата и обврските за движните ствари од член 2 од оваа одлука.

### Член 5

Се задолжува ООУ "Крум Тошев" - Трубарево, Општина Гази Баба - Скопје, по уреден прием на движните ствари, истите да ги воведе во финансиско - материјалната сметководствена евиденција.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1233/15**
**од 27 февруари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМАЊЕ И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ООУ "НАУМ НАУМОВСКИ - БОРЧЕ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Наум Наумовски - Борче", Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 27 февруари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1768/13**
**од 02 март 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка (10) и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и "Службен весник на РСМ" бр.101/19, 275/19 и 122/21) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13) а во врска со Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба ("Службен весник на РСМ" бр.24/23), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и треттата седница одржана на 27 февруари 2023 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ПРИМАЊЕ И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ООУ "НАУМ НАУМОВСКИ - БОРЧЕ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

### Член 1

Со оваа одлука Општина Гази Баба од Владата на Република Македонија, прима на трајно користење без надомест движни ствари за потребите на ООУ "Наум Наумовски - Борче", Општина Гази Баба - Скопје, согласно Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба,бр.41-850/7 од 1 февруари 2023 година ("Службен весник на РСМ" бр.24/23).

### Член 2

Пренесеното право на користење на движните ствари без надомест, за потребите на ООУ "Наум Наумовски - Борче", Општина Гази Баба - Скопје, се однесува на следните движни ствари:

| Ред.број | Назив на движните ствари | Опис на движните ствари | Количина (парче) |
|---|---|---|---|
| 1. | Таблет компјутер | Производител: Lenovo<br>Модел: tabM10<br>Сериски број:HGAM49NM | 1 |
| 2. | Таблет компјутер | Производител: Lenovo<br>Модел: tabM10<br>Сериски број:HGAM49VP | 1 |

### Член 3

Општина Гази Баба движните ствари од член 2 од оваа одлука, ги дава на трајно користење без надомест на ООУ "Наум Наумовски - Борче", Општина Гази Баба - Скопје.

### Член 4

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор со Министерот за образование и наука, со кој ќе се уредат правата и обврските за движните ствари од член 2 од оваа одлука.

### Член 5

Се задолжува ООУ "Наум Наумовски - Борче", Општина Гази Баба - Скопје, по уреден прием на движните ствари, истите да ги воведе во финансиско - материјалната сметководствена евиденција.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1233/16**
**од 27 февруари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМАЊЕ И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ООУ "НАУМ ОХРИДСКИ" - БУЛАЧАНИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 27 февруари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1768/14**
**од 02 март 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка (10) и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и "Службен весник на РСМ" бр.101/19, 275/19 и 122/21) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13) а во врска со Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба ("Службен весник на РСМ" бр.24/23), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и треттата седница одржана на 27 февруари 2023 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ПРИМАЊЕ И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ООУ "НАУМ ОХРИДСКИ" - БУЛАЧАНИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

### Член 1

Со оваа одлука Општина Гази Баба од Владата на Република Македонија, прима на трајно користење без надомест движни ствари за потребите на ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје, согласно Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба,бр.41-850/8 од 1 февруари 2023 година ("Службен весник на РСМ" бр.24/23).

### Член 2

(1) Финансиските средства од член 1 на овој правилник се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба, Програма за локален економски развој, во износ од 500.000,00 денари.

(2) Финансиските средства од став 1 на овој член се доделуваат како финансиска поддршка на предлог - проектите за иновативни идеи до максимум 250.000,00 денари по предлог - проект.

## НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК

### Член3

(1) За реализирање на средствата од член 1 од овој правилник, Општина Гази Баба објавува јавен повик.

(2) Јавниот повик се објавува на веб страната на Општина Гази Баба и во еден печатен медиум.

(3) Јавниот повик ќе трае до 28 април 2023 година, додека средствата предвидени за оваа намена со Буџетот на Општина Гази Баба, може да се реализираат најдоцна до 30 ноември 2023 година.

(4) При спроведување на постапката, согласно динамиката јавноста ќе биде континуирано известувана на веб страната на Општина Гази Баба.

## ПОСТАПКА, НАЧИН И КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

### Член 4

(1) Цели на јавниот повик за финансирање на иновативни проекти на факултетите и високо образовните институции на територија на Општина Гази Баба "Предизвик за студенти иноватори":

- Поттикнување на студентите слободно да размислуваат и да наоѓаат креативни решенија за проблемите и прашањата со кои се соочуваат.
- Да се мотивираат студентите да размислуваат иновативно менувајќи ја нашата локална заедница во различни сегменти на нејзиното функционирање.
- Да се охрабрат студентите со менторска поддршка на своите професори да ги препознаат своите способности, да ги усовршуваат своите вештини и да соработуваат во насока на изнаоѓање на иновативни решенија за потребите на локалната заедница. На овој начин сметаме дека побрзо ќе го премостат и скратат преминот од процесот на студирање кон сопствено професионално етаблирање на пазарот на труд или градење на сопствена деловна визија.

(2) Иновативните проекти треба да бидат од областите кои ги покриваат следните тематски области: ИТ, природните науки, земјоделските науки, шумарските науки, техничките науки, дизајн и уредување на просторот, дизајн на урбана опрема, гастрономија и туризам.

- Проектот на иновирање треба да се однесува на: идеја, модел, организација, дизајн, апликација, практика, управување и организација на заштитени природни подрачја, гастрономски и туристички модели кои може да се аплицираат во локалната заедница на општина Гази Баба.
- Проектот треба да се базира на креативен метод, односно да вклучува дефинирање на проблем, генерирање на идеја, селекција на идеја, имплементација на идеја и потврда на идејата.
- Времетраењето на подготовка на иновативниот проект не треба да надминува 6 (шест) месеци.
- Предложените проекти треба да резултираат со видливи резултати, како што се на пример истражувачки есеј, изработка на проектна задача, изработка на прототип, аудио-визуелен материјал, дигитален материјал и слично, а се однесува на: дизајн на урбана опрема и ентериер, мобилна ИТ апликација за пријавување комунални проблеми, гастрономијата како модел за привлекување туристи, управување и организација на заштитени природни подрачја во Општина Гази Баба, примена на земјоделски практики за поздрава и поквалитетна раноградинарска храна, пошумување и уредување на јавни зелени површини и природни подрачја во општината, и слично.

(3) Вкупниот буџет за овој предизвик изнесува 500.000 (петстотини илјади) денари.

- Буџетот на поединечен предлог проект не може да надминува 250.000 (двестотиниипедесетилјади) денари.
- Средствата ќе бидат исплатени во две еднакви рати и тоа, првата рата во износ од половина од вкупниот буџет на проектот ќе биде исплатена по потпишување на договорот за доделување на награда, втората рата ќе биде исплатена после имплементација на проектот.
- На сите претселектирани учесници, од страна на Општина Гази Баба ќе им бидат доделени сертификати за учество.
- Опремата набавена со средствата доделени преку наградите ќе остане во сопственост на факултетите добитници на наградите.
- Општината го задржува правото да не ги додели сите награди доколу нема доволно квалитетни предлог-проекти или не се исполнети условите за доделување на наградата согласно правилникот.

(4) Повикот се однесува на сите факултети и високо образовни институции на територијата на Општина Гази Баба кои имаат креативни студенти со желба да истражуваат.

- Натпреварувачот треба да биде факултет или високо образовна институција кој е:
  - основан согласно Законот за високо образование
  - запишан во Централниот регистар на Република Македонија и
  - поседува Решение за верификација донесено од Министерството за образование и наука.
- Секој натпреварувач треба да се пријави со натпреварувачки тим кој се состои од:
  - 1 (еден) професор - лидер на проектот
  - 3-7 (три до седум) студенти

(5) Активностите предвидени во предлог проектот треба да соодветствуваат на активностите на развој на иновативната идеја, односно предлог проектот треба да вклучува активности кои ќе ја потврдат иновативноста и неопходноста на идејата. Трошоците предвидени во буџетот на проектот треба да соодвествуваат на активностите предвидени во проектната апликација.

- Трошоци подобни за финансирање се:
  - набавка на опрема за развој на иновативна идеја (неопходен алат, лабораториска опрема, дигитална опрема за истражување и слично)

Единствено трошоците настанати за активности спроведени за времетраење на проектот се подобни за финансирање.

Општината го задржува правото да преговара со победниците по однос на дефинирање на активностите и буџетот на проектот на основа на препораки добиени од комисијата за оценување и избор пред потпишување на договорот за доделување на награда.

(6) При формулирањето на предлог - проектите, како и при нивното спроведување натпреварувачите и добитниците на наградите треба да се придржуваат до основните етички принципи:

- Да ја почитуваат индивидуалната автономија и правото на самоопределба
- Да не нанесуваат штета на луѓето, животните и животната средина
- Да се стремат кон еднаков и праведен третман на сите
- Да не ги нарушуваат правата на интелектуална сопственост на трети страни

**Член 5**

(1) За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиските средства од членот 1 на овој правилник, Градоначалникот на Општина Гази Баба формира комисија (од 5 члена).

(2) Комисијата од став 1 на овој член е составена од претседател - претставник од секторот за ЛЕР и европски интеграции, претставник на Бизнис клубот на Општина Гази Баба, претставник од Ресурсниот Центар СОС Детско село и двајца експерти од сферата на природните науки, техничките науки и друго.

(3) Сите апликанти своите иновативни идеи треба да ги презентираат со Power Point презентација пред комисијата на посебно организиран настан, за кој ќе бидат навремено информирани.

**Член 6**

(1) Комисијата има право и должност да ги провери податоците во предлог проект апликацијата, да изврши увид во соодветноста на документацијата и доколку е потребно да се консултира со стручни лица, како и да бара друга дополнителна документација.За својата работа комисијата составува записник.

(2) Комисијата секој предлог проект ќе го оценува по следните критериуми:

| Критериум | Вредност |
|---|---|
| 1. **Усогласеност на предлог - проектот со целите на јавниот повик**<br>Најмногу поени под овој критериум ќе добијат оние предлог-проекти кои ќе понудат иновативни идеи кои може да се имплементираат во локалната заедница или во работењето на Општина Гази Баба.<br>Најмногу поени ќе добијат и оние предлог-проекти кои активно ги вклучуваат членовите на тимот во генерирање на иновативната идеја. | **25%** |
| 2. **Капацитет на проектниот тим**<br>Најмногу поени под овој критериум ќе добијат натпреварувачите чиј проектен тим вклучува членови со различни мотиви, вештини и способности соодветни на активностите предвидени во предлог-проектот. | **30%** |
| **3. Квалитет на предлог-проектот**<br>Најмногу поени под овој критериум ќе добијат оние предлог-проекти кои јасно и адекватно ја имаат дефинирано иновативната идеја, фазите на развој и очекуваните резултати. | **25%** |
| **4. Применливост на резултатите од развојот на иновативната идеја и дисеминација**<br>Најмногу поени под овој критериум ќе добијат натпреварувачите чии предлог-проекти водат кон резултати кои имаат потенцијал за практична примена во индустријата или резултати од општествен интерес. | **20%** |
| **ВКУПНО** | **100%** |

**Член 7**

(1) Апликацијата со предлог - проектот факултетите ја поднесуваат заедно со потребната документација, во затворен плик преку Архивата на Општина Гази Баба до комисијата за спроведување на постапката од член 5 став (1) од овој правилник.

(2) Кон апликацијата подносителот е должен да ја поднесе следната документација:

- Пополнет, потпишан и печатиран образец за Проектна апликација со Буџет на проектот.
- Поднесе кратка биографии на професорот - лидер на проектот.
- Поднесе кратки биографии на членовите на тимот.
- Поднесе PowerPoint презентација на својата иновативна идеја.
- Поднесе тековна состојба од Централниот регистар не постара од 6 месеци.
- Бараните документи треба да се пополнети на македонски јазик и достават во печатена и електронска форма на CD во PDF формат до Архива на Општина Гази Баба, ул.Архимедова бр.2, најдоцна до 28.04.2023 година

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 8**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1233/27**
**од 27 февруари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА МИКРО И МАЛИ ПРЕТПРИЈАТИЈА, ЗАНАЕТЧИИ, САЕМСКО ПАРТНЕРСТВО И СЕМЕЈНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА**

1. Се објавува Правилникот за финансиска поддршка на микро и мали претпријатија, занаетчиство, саемско партнерство и семејни земјоделски стопанства, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 27 февруари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1768/25**
**од 02 март 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 3 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и треттата седница одржана на 27 февруари 2023 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К

# ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА МИКРО И МАЛИ ПРЕТПРИЈАТИЈА, ЗАНАЕТЧИИ, САЕМСКО ПАРТНЕРСТВО И СЕМЕЈНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Со овој правилник се утврдуваат условите, начинот и постапката за доделување на финансиските средства од Буџетот на Општина Гази Баба утврдени во Програмата за локален економски развој, за подршка на микро и мали претпријатија, занаетчии, саемско партнерство и семејни земјоделски стопанства Баба.

(2) Право на користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба согласно овој правилник имаат сите субјекти кои ги исполнуваат условите од овој правилник и ја доставиле потребната документација.

### Член 2

(1) Финансиските средства од член 1 на овој правилник се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба, Програма за локален економски развој, во износ од 600.000,00 денари за микро и мали претпријатија, занаетчии, за саемско партнерство и семејни земјоделски стопанства.

(2) Финансиските средства од став 1 на овој член се доделуваат како финансиска поддршка до 60.000 денари за секое поединечно барање на микро и мали претпријатија, занаетчии, саемско партнерство и семејно земјоделско стопанство.

(3) Финансирани ќе бидат докажани трошоци настанати од датата на објавување на јавниот повик, за предвидените намени според овој јавен повик.

(4) Данокот на доход за семејни земјоделски стопанства го исплатува Општина Гази Баба.

## НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК

### Член 3

(1) За реализирање на средствата од член 1 од овој правилник, Општина Гази Баба објавува јавен повик.

(2) Јавниот повик се објавува на веб страната на Општина Гази Баба и во еден печатен медиум.

(3) Јавниот повик ќе трае до реализирање на средствата предвидени за оваа намена со Буџетот на Општина ГазиБаба а најдоцна до 31.10.2023 година.

(4) При спроведување на постапката, согласно динамиката јавноста ќе биде континуирано известувана на веб страната на Општина Гази Баба.

## ПОСТАПКА, НАЧИН И КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

### Член 4

(1) Предмет на јавниот повик е финансиска поддршка за следниве намени:

- Набавка на опрема и алати за микро и мали претпријатија регистрирани не порано од 01.01.2017 година.
- Дизајн на производ и изработка на визуелен идентитет на производот/услугата - веб страна, дизајн на логотип, рекламен материјал за микро и мали претпријатија регистрирани не порано од 01.01.2017 година.
- Учество на регионални саеми (Србија, Грција, Бугарија, Албанија), за микро и мали претпријатија регистрирани не подоцна од 01.01.2015 година.
- Набавка на опрема и системи за наводнување капка по капка и друга земјоделска опрема, за семејни земјоделски стопанства во кои носителот на стопанството е до 60 години возраст.

(2) Средствата за финансиска поддршка не се наменети за финансирање на следниве трошоци:

- набавка на потрошен материјал, возила, компјутери и компјутерска опрема
- Износот платен за ДДВ за намените/трошоците за кои се бара финансирањето
- Царина за намените/трошоците за кои се бара финансирањето
- Курсни разлики
- Закупнина за деловен простор
- Трошоците чие плаќање е направено со компензација

(3) Право на учество имаат микро и мали претпријатија регистрирани како ТП, ДООЕЛ, ДОО, или регистрирани субјекти како ЗАНАЕТЧИИ и СЕМЕЈНО ЗЕМЈОДЕЛСКО СТОПАНСТВО од лица со адреса на живеење на територија на Општина Гази Баба или со регистрирано седиште на фирма на територија на Општина Гази Баба (предност ќе имаат оние со седиште на бизнисот и адреса на живеење на територија на Општина Гази Баба и се од женски род) кои ги исполнуваат следниве услови:

- Да се регистрирани не порано од 01.01.2017 година, за микро и мали претпријатија и занаетчии за првите две намени од предметот на јавниот повик;
- Да се регистрирани не подоцна од 01.01.2015 година, за микро и мали претпријатија кои бараат финансиска поддршка за саемско партнерство;
- Носители на семејно земјоделско стопанство на возраст до 60 години кои бараат поддршка за опрема и системи за наводнување капка по капка или друга земјоделска опрема;
- Да имаат минимум еден вработен на неопределено полно работно време;
- Намирено даночни обврски кон општина Гази Баба, државата и кон своите вработени;
- Да не се вработени во Општина Гази Баба;
- Да немаат претходно користено финансиски средства од истата програма (со Образец - изјава заверена на нотар се потврдува оваа информација).

### Член 5

(1) За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиските средства од членот 1 на овој правилник, Градоначалникот на Општина Гази Баба формира Комисија составена од 3 члена.

(2) Комисијата од став 1 на овој член е составена од претседател и 2 члена од редот на вработените во администрацијата на општината или надворешни членови.

**Член 6**

(1) Комисијата има право и должност да ги провери податоците во барањето, да изврши увид во соодветноста на документацијата и доколку е потребно да се консултира со стручни лица или овластени лица, како и да бара друга дополнителна документација и до градоначалникот да достави предлог за доделување на финансиските средства.

(2) Документацијата се доставува во оригинал или копија. Доколку документацијата се доставува во копија, веродостојноста на секоја страница ја потврдува подносителот на барањето со свој потпис и печат.

(3) Изборот на апликациите кои ги исполнуваат условите утврдени во јавниот повик, ќе се прави запазувајќи го принципот "прв дојден, прв услужен", односно по редослед на поднесување на апликациите, до исцрпување на расположливите средства.

(4) Доколку поднесеното барање е некомплетно, комисијата писмено ќе се обрати до апликантот и ќе определи рок за дополнување на барањето за финансиска поддршка.

(5) Со цел запазување на принципот "прв дојден, прв услужен", за барањата со некомплетна документација како датум на поднесување на барањето ќе се смета датумот на последното дополнување на барањето, односно датумот кога барањето за финансиска поддршка ќе биде целосно комплетирано.

(6) По добиеното известување за одобрување на средствата, потребно е да се достави фактура за набавката која е направена. Доказ за платената фактура е достава на банкарски извод за плаќање. Фактурата заедно со банкарскиот извод за плаќање треба да се достави во архива со пропратно писмо, како дополнување на барањето. По доставување на фактурата, комисијата ќе донесе решение за исплата на одобрените средства.

(7) По исплата на средствата, комисијата има право да направи увид, со цел да констатира дека направената набавка одговара на наведеното во фактурата која ја има доставено апликантот.

(8) Еден алликант може да користи финансиска поддршка само еднаш по овој јавен повик

(9) За својата работа комисијата составува записник.

**Член 7**

(1) Барањето за доделување на финансиските средства за поддршка на микро и мали претпријатија, занаетчии, саемско партнерство и семејни земјоделски стопанства, заинтересираните физички лица и правни лица ги поднесуваат заедно со потребната документација, во затворен плик преку Архивата на Општина Гази Баба со назнака **"За јавен повик за финансиска поддршка на микро и мали претпријатија, занаетчии, саемско партнерство и семејни земјоделски стопанства"**.

(2) Архивата на Општина Гази Баба примените барања ги евидентира со точното време на поднесување заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат барањата.

(3) Кон барањето подносителот е должен да ја поднесе следната документација:

- Пополнет образец барање (може да се подигне од архивата или на веб страната на Општина Гази Баба,
- Изјава заверена на нотар, дека средствата ќе бидат искористени за дејноста за која се наменети,
- Се однесува само на фирми за саемско партнерство - тековна состојба од Централен Регистар на РСМ, не постара од 30 дена,
- Се однесува само на микро и мали фирми и занаетчии-Решение за регистрирана дејност од Централен Регистар на РСМ, не постара од 30

дена,
- Се однесува само на семејни земјоделски стопанства - Доказ имотен лист за сопственост на земјоделската парцела за која се бара финансиска поддршка,
- Листа на моментално вработени лица во претпријатието издадена од Агенција за вработување, не постара од 30 дена - М1 и М2 обрасци
- Уверение за платени даноци и придонеси од Управата за јавни приходи на РСМ не постаро од 30 дена.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 8**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1233/28**
**од 27 февруари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ТРИ СТАРТ АП ФИРМИ ОД СФЕРАТА НА ПРИРОДНИТЕ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ СО СЕДИШТЕ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Правилникот за финансиска поддршка на три старт ап фирми од сферата на природните и технички науки со седиште во Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 27 февруари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1768/26**
**од 02 март 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 3 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и третата седница одржана на 27 февруари 2023 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К

## ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ТРИ СТАРТ АП ФИРМИ ОД СФЕРАТА НА ПРИРОДНИТЕ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ СО СЕДИШТЕ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

(1) Со овој правилник се утврдуваат условите, начинот и постапката за доделување на финансиските средства од Буџетот на Општина Гази Баба утврдени во Програмата за локален економски развој, за поддршка на три старт ап фирми од сферата на природните и технички науки се седиште во Општина Гази Баба.

(2) Право на користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба согласно овој правилник имаат сите старт ап фирми од сферата на природните и технички науки со седиште во Општина Гази Баба кои ги исполнуваат условите од овој правилник и ќе победат во натпреварот на бизнис планови организиран од бизнис инкубатор или акселератор.

**Член 2**

(1) Финансиските средства од член 1 на овој правилник се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба, Програма за локален економски развој, во износ од 600.000,00 денари.

(2) Финансиските средства од став 1 на овој член се доделуваат како финансиска поддршка на избраните бизнис планови до максимум 200.000,00 денари по старт ап фирма.

### НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК

**Член 3**

(1) За реализирање на средствата од член 1 од овој правилник, Општина Гази Баба објавува јавен повик за првата фаза од процесот, додека избраниот Бизнис Инкубатор или Акселератор објавува конкурс за втората фаза од процесот.

(2) Јавниот повик се објавува на веб страната на Општина Гази Баба и во еден печатен медиум.

(3) Јавниот повик ќе трае до 17 март 2023 година, додека средствата предвидени за оваа намена со Буџетот на Општина Гази Баба, може да се реализираат најдоцна до 30 ноември 2023 година.

(4) Конкурсот се објавува на веб страната на Општина Гази Баба и веб страната на бизнис инкубаторот или Акселераторот, на социјалните медиуми, како и во еден печатен медиум.

(5) Конкурсот ќе трае до 26 мај 2023 година, додека средствата предвидени за оваа намена со Буџетот на Општина Гази Баба, може да се реализираат најдоцна до 30 ноември 2023 година.

(6) При спроведување на постапката, согласно динамиката јавноста ќе биде континуирано известувана на веб страната на ОпштинаГази Баба.

## ПОСТАПКА, НАЧИН И КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

### Член 4

(1) Цели на јавниот повик за финансиска поддршка на стагт ап фирми од сферата на природните и техничка науки со седиште на територија на Општина Гази Баба се:

- Потикнување на старт ап фирмите со седиште во Општина Гази Баба во градење на одржливи green деловни решенија во сферата на природните и техничи науки.
- Да се мотивираат старт ап фирмите да размислуваат green и иновативно менувајќи ја нашата локална заедница во различни сегменти на нејзиното функционирање.
- Да се охрабрат старт ап фирмите да ги усовршуваат своите знаења и вештини во сферата на т.н. green економија преку изнаоѓање на иновативни и greenрешенија за потребите на локалната заедница.

(2) Постапката за финансиска поддршка на три старт ап фирми од сферата на природните и технички науки со седиште во Општина Гази Баба, ќе се процесира во две фази:

a. Во првата фаза ќе се објави Јавен Повик за избор на Бизнис инкубатор или Акцелератор за организирање на обуки за започнување на бизнис и натпревар на бизнис планови;
   i. Бизнис инкубаторот или Акцелераторот треба да ги исполнуваат следните услови:
      1. Да постои минимум 10 години како правно лице:
         a. Да се достави Тековна Состојба од Централен Регистар не постара од 30 дена до денот на достава на документацијата;
      2. Да има тренинг центар за одржување на обуки за бизнис план со канцелариски простор од минимум 500м² и минимум 10 канцеларии за бизнис инкубација:
         a. Достава на писмена изјава заверена на нотар за располагање со канцелариски простор од минимум 500м² и минимум 10 канцеларии наменети за бизнис инкубација. Писмената изјава ќе биде проверена со увид на лице место;
      3. Да има минимум двајца вработени кои се предавачи за започнување бизнис:
         a. Достава на листа на вработени од Агенцијата за вработување на Република С. Македонија не постара од 30 дена до денот на достава;
      4. Да биде активен во областа на едукација на млади за започнување бизнис најмалку 10 години:
         a. Достава на најмалку 10 договори со кои ќе ја докаже својата активност во едукација на млади за започнување бизнис од најмалку 10 години;

   i. Обуката за започнување на бизнис и натпревар на бизнис планови ќе се одржи во периодот Јули - Октомври 2023 година;

b. Во втората фаза избраниот Бизнис Инкубатор или Акцелератор во партнерство со Општина Гази Баба ќе објави Конкурс за изразување на интерес од страна на старт ап фирмите од сферата на природните и техничките науки со седиште во Општина Гази Баба;
   i. Конкурсот ќе се објави во еден печатен медиум и на веб страните и социјалните медиуми на Општина Гази Баба и избраниот бизнис инкубатор или акселератор;
   ii. За таа цел Бизнис Инкубаторот или Акселераторот формира Комисија составена од два експерти од дадената област на Конкурсот и еден претставник од секторот за ЛЕР и Европски интеграции на Општина Гази Баба;
   iii. Конкурсот ќе трае до 26Мај, 2023 година;

c. Старт ап фирмите со седиште во Општина Гази Баба, кои искажале интерес за учество на конкурсот, треба да ги исполнуваат следните услови:
   i. Физички лица на возраст од 18 до 40 години;
      1. Достава на фотокопија од лична карта;
   ii. Микро и мали старт ап фирми не постари од 3 години;
      1. Достава на Тековна состојба не постара од 30 дена од денот на достава;
   iii. Услов за искористување на наградата од новооснованата фирма е да биде со локација во Општина Гази Баба.
      1. Достава на Тековна состојба по регистрација на фирмата;
   iv. Бизнис идеја/ иновативно решение со фокус на природните и техниките сфери на делување;
      1. Достава на пријава со краток пресек на бизнис идејата од страна на проектниот тим или старт ап фирмата;

d. Начин на искористување на финансиските средства од страна на старт ап фирми:
   i. Целосно опремен канцелариски простор во времетраење од една година во избраниот Бизнис инкубатор или Акселератор;
   ii. Покриени трошоци за регистрација на фирма во Општина Гази Баба;
   iii. Учество во 10-неделна акцелераторска програма за зелени бизниси имплементирана од избраниот Бизнис инкубатор или Акселератор;
   iv. Континуирана поддршка и менторство за раст и развој на компанијата од страна на избраниот Бизнис инкубатор или Акселератор;
   v. Помош при подготовка на апликација/презентација за инвеститори и програми за финансирање од страна на избраниот Бизнис инкубатор или Акселератор;
   vi. Вмрежување
   vii. Промоција
   viii. Видео запис од процесот на инкубација на старт ап фимите
      1. По 2 минути видео запис за секој старт ап фирма

e. Структура на акцелераторската програма:
   i. Работилници:
      1. Развој на бизнис план,
      2. Управување со производ во старт ап фирма
      3. Водење на финансии во старт ап фирмата
      4. Маркетинг прилагоден на старт ап фирма
      5. Продажба прилагодена на старт ап фирма

6. Користење на дигитални платформи за водење на старт ап фирма
7. политики за животна средина и релевантна правна рамка,
8. пристап до финансии и
9. интелектуална сопственост.

ii. 1:1 менторство
iii. Настан за презентација на идеите

(3) Вкупниот буџет за оваа финансиска поддршка изнесува 600.000 (шестстотини илјади) денари.

- Буџетот на поединечен избран старт ап не може да надминува 200.000 (двестотиниилјади) денари.
- Општина Гази Баба со избраниот Бизнис Инкубатор или Акселератор ќе склучи Договор за организирање на обука за започнување на бизнис и натпревар за бизнис план, како и канцелариски простор за инкубација во период од една година, на старт ап фирми од сферата на природните и технички науки со седиште во Општина Гази Баба;
- Средствата ќе бидат исплатени по потпишување на договорите помеѓу бизнис инкубаторот или акселераторот и избраните три старт ап фирми, а согласно начинот на искористивање на финансиските средства образложен во точка 2, ставка d;
- Општината го задржува правото да не ги исплати сите финансиски средства доколку нема доволно квалитетни бизнис идеи или не се исполнети условите за доделување на финансиски средства согласно правилникот.

**Член 5**

(1) За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиските средства од членот 1 и членот 4 на овој правилник, Градоначалникот на Општина Гази Баба формира комисија (од 3 члена), а за избор на бизнис инкубаторот или акселератор како имплементатор на проектот за поддршка на старт ап фирмите.

(2) Комисијата од став 1 на овој член е составена од претседател - претставник од секторот за ЛЕР и европски интеграции, член претставник од секторот за ЛЕР и европски интеграции на Општина Гази Баба, и член претставник од секторот за финансиски прашања во Општина Гази Баба.

(3) Избраниот Бизнис инкубатор или Акселератор согласно член 4 од овој Правилник формира комисија (од 3 члена) која го подготвува конкурсот за изразување на интерес на физички лица или старт ап фирми за учество во акселераторската програма и го спроведува изборот на трите најдобро оценети бизнис планови.

(4) Комисијата од став 3 на овој член е составена од два експерти од дадената област на Конкурсот предложени од Бизнис инкубаторот или Акселераторот и еден претставник од секторот за ЛЕР и европски интеграции на Општина Гази Баба.

(5) По претходно направена евалуација од страна на комисијата од став 3 на овој член, избраните финалисти (проектни тимови или старт ап фирми) треба да ги презентираат своите бизнис планови со Power Point презентација на посебно организиран настан, за кој ќе бидат навремено информирани.

**Член 6**

(1) Комисијата има право и должност да ги провери податоците на секој апликант, да изврши увид во соодветноста на документацијата и доколку е потребно да се консултира со стручни лица, како и да бара друга дополнителна документација.За својата работа комисијата составува записник.

(2) Комисијата бизнис плановиите на проектните тимови и старт ап фирмите ќе ги оценува по следните критериуми:

| Критериум | Вредност |
|---|---|
| **Усогласеност на бизнис планот со целите на јавниот повик** Најмногу поени под овој критериум ќе добијат оние бизнис планови кои ќе понудат бизнис идеи кои може да се имплементираат во локалната заедница или во работењето на општина Гази Баба.Најмногу поени ќе добијат и оние бизнис планови кои активно ги вклучуваат членовите на тимот во генерирање на бизнис идејата. | **25%** |
| **Капацитет на старт ап фирмата** Најмногу поени под овој критериум ќе добијат натпреварувачите чиј тим вклучува членови со различни мотиви, вештини и способности соодветни на активностите предвидени во бизнис планот. | **20%** |
| **Квалитет на бизнис планот** Најмногу поени под овој критериум ќе добијат оние бизнис планови кои јасно и адекватно ја имаат дефинирано својата бизнис идеја, фазите на развој и очекуваните резултати. | **35%** |
| **Применливост на резултатите од развојот на бизнис планот и дисеминација** Најмногу поени под овој критериум ќе добијат натпреварувачите чии бизнис планови водат кон резултати кои имаат потенцијал за практична примена во индустријата или резултати од општествен интерес. | **20%** |
| ВКУПНО | 100% |

**Член 7**

(1) Апликацијата со потребната документација Бизнис инкубаторот или Акцелератор ја поднесуваат во затворен плик преку Архивата на Општина Гази Баба до комисијата за спроведување на постапката од член 5 став 1 од овој правилник.

(2) Бизнис Инкубаторот или Акцелераторот е должен да ја поднесе следната документација:

- Достава на писмена изјава заверена на нотар за располагање со канцелариски простор минимум 500м² и минимум 10 канцеларии наменети за бизнис инкубација. Писмената изјава ќе биде проверена со увид на лице место;
- Достава на листа на вработени од Агенцијата за вработување на Република С. Македонија за двајца вработени во Бизнис инкубаторот или Акцелератор не постара од 30 дена до денот на достава на документацијата;
- Достава на најмалку 10 договори со кои ќе ја докаже својата активност во едукација на млади за започнување бизнис од најмалку 10 години;
- Да се достави Тековна Состојба на бизнис Инкубаторот или Акцелераторот од Централен Регистар не постара од 30 дена до денот на достава на документацијата;
- Бараните документи треба да се пополнети на македонски јазик и достават во печатена форма, и електронска форма на CD во PDF формат, до Архива на Општина Гази Баба, ул.Архимедова бр.2, најдоцна до 17.03.2023 година;
- Електронската верзија на докуметацијата треба да се достави и на следната e-mail адреса: contact@gazibaba.gov.mk

**Член 8**

(1) Старт ап фирмите потребната документација по објавениот конкурс на Бизнис инкубаторот или Акцелератор ја поднесуваат во затворен плик преку Архивата на Бизнис Инкубаторот или Акцелераторот до комисијата за спроведување на постапката од член 5 став 3 од овој правилник.

(2) Старт ап фирмите е потребно да ја поднесат следната документација:

- Достава на фотокопија од лична карта само за физички лица;
- Достава на пријава со краток пресек на целната област и бизнис идејата од страна на проектниот тим или старт ап фирмата.
- Достава на Тековна состојба не постара од 30 дена до денот на достава, само за фирмите;
- Бараните документи треба да се пополнети на македонски јазик и достават во печатена форма, и електронска форма на CDво PDF формат, до Архивата на избраниот Бизнис инкубатор или Акселератор, најдоцна до 26.05.2023 година;
- Електронската верзија на докуметацијата треба да се достави и на e-mail адресата на избраниот бизнис инкубатор и акселератор;
- Адресата на бизнис инкубаторот или акселератор ќе биде дополнителна утврдена по спроведување на постапката за избор.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 9**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1233/29**
**од 27 февруари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КРОВ ВО СТАНБЕНИТЕ ЗГРАДИ И КУЌИ НА ИНДИВИДУАЛНИ ДОМАЌИНСТВА ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Правилникот за финансиска поддршка за реконструкција на кров во станбените згради и куќи на индивидуални домаќинства во социјален ризик на подрачјето на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 27 февруари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1768/27**
**од 02 март 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 3 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и третттата седница одржана на 27 февруари 2023 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КРОВ ВО СТАНБЕНИТЕ ЗГРАДИ И КУЌИ НА ИНДИВИДУАЛНИ ДОМАЌИНСТВА ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Со овој правилник се утврдуваат условите, начинот и постапката за користење на финансиските средства утврдени во Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година, со намена за надоместување на трошоците направени при реконструкција на кров во станбените згради, и куќи на индивидуални домаќинства во социјален ризик, на подрачјето на Општина Гази Баба.

(2) Право на користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба согласно овој правилник имаат заедниците на сопственици на посебни делови односно управителите на станбените згради, и сопствениците на куќи на индивидуални домаќинства во социјален ризик, на подрачјето на Општина Гази Баба, кои ги исполнуваат условите од овој правилник и ја доставиле потребната документација.

### Член 2

(1) Финансиските средства од член 1 на овој правилник се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година, Програма за локален економски развој, во износ од 2.500.000 денари.

(2) Финансиските средства од став 1 на овој член се доделуваат до нивно целосно искористување.

(3) Данокот на доход за физички лица го исплатува Општина Гази Баба.

### Член 3

(1) Финансиските средства од член 1 на овој правилник, ќе се користат за делумен надомест на средствата на заедниците на сопственици на посебни делови и управителите на станбените згради, искористени за реконструкција на кров на станбена зграда, во износ од 50% од вредноста, но не повеќе од 700.000 денари за реконструкција на кров на станбена зграда.

(2) Финансиските средства од член 1 на овој правилник, ќе се користат за делумен надомест на средствата на сопствениците на куќи на индивидуални домаќинства во социјален ризик, искористени за реконструкција на кров на куќа, во износ од 50% од вредноста, но не повеќе од 200.000 денари за реконструкција на кров на куќа.

## НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК

### Член 4

(1) За реализирање на средствата од член 1 од овој правилник, општината објавува јавен повик.

(2) Јавниот повик се објавува на веб страната на Општина Гази Баба и во 1 (еден) печатен медиум.

(3) Јавниот повик ќе трае до 15.10.2023 година, односно до реализирање на финансиските средства за оваа намена, со достава на пријавите преку пошта или директно до писарница на Општина Гази Баба, на адреса ул.Архимедова 2, 1000 Скопје.

(4) При спроведување на постапката, согласно динамиката, јавноста ќе биде континуирано известувана за степенот на искористување на предвидените средства, односно за износот на преостанати средства на веб страната на Општина Гази Баба.

## ПОСТАПКА, НАЧИН, УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

### Член 5

(1) За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиските средства од членот 1 на овој правилник, Градоначалникот на Општина Гази Баба формира комисија од 5 (пет) члена и 1 (еден) технички секретар.

(2) Комисијата од став 1 на овој член е составена од претседател и 4 (четири) члена и 1 (еден) технички секретар од редот на вработените во администрацијата на општината.

### Член 6

Комисијата има право и должност да ги провери податоците во барањето, да изврши увид во соодветноста на документацијата и доколку е потребно да се консултира со стручни лица или овластени лица да направат увид на лице место, како и да бара друга дополнителна документација. За својата работа комисијата составува записник.

### Член 7

(1) Апликацијата за надоместување на трошоците направени при реконструкција на кров на станбена зграда, заедниците на сопственици и управителите на станбените згради го поднесуваат заедно со потребната документација, во затворен плик преку писарница на Општина Гази Баба до комисијата за спроведување на постапката од член 5 став 1 од овој правилник.

(2) Апликацијата за надоместување на трошоците направени при реконструкција на кров на куќа, сопствениците на куќи на индивидуални домаќинства во социјален ризик го поднесуваат заедно со потребната документација, во затворен плик преку писарница на Општина Гази Баба до комисијата за спроведување на постапката од член 5 став 1 од овој правилник.

(3) Општина Гази Баба примените барања ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута), заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат и прифаќаат барањата.

(4) Кон барањето подносителот - заедница на сопственици на станови или управител на станбената зграда, е должен да ја поднесе следната документација:

- Пополнета апликација - Образец, потпишана од претседателот на заедница на сопственици или управител;
- Листа со потписи на сопственици на станбени единици за учество во проектот;
- Решение од Централен Регистар за Заедница на сопственици или Управителот, не постара од 2 месеци;

- Годишен финансиски извештај за 2022 година;
- Изјава за старост на колективниот станбен објект, дадена и потпишана од овластено лице за застапување;
- Одлука за согласност за реконструкција на кров на зграда донесена од заедница на сопственици на посебни делови на станбената зграда;
- Одлука за кофинансирање со сопствени средства за дел од вкупните средства за реконструкција на кров на станбена зграда, донесена од сопствениците на посебни делови на станбената зграда;
- Имотни листови не постари од 2 месеци на сите сопственици на станови во зградата кои дале согласност;
- Потврда од општината за евиденција во регистарот на станбени згради;
- Проектна документација (доколку е изработена при аплицирање) Доколку не е изработена, да се достави најдоцна 30 дена по крајниот рок за аплицирање;
- Понуди од три економски оператори за реконструкција на кровот (доколку се има проектна документација при аплицирање). Доколку се нема, да се достави најдоцна 30 дена по крајниот рок за аплицирање;
- Копија од жиро сметката на заедницата на сопственици односно копија од жиро сметката што ја отворил управителот за потребите на станбената зграда;
- Договор за управувачки услуги (доколку работите на управување со станбената зграда се доверени на управител);
- Изјава заверена на нотар од подносителот на барањето (претседателот на заедницата на сопственици на посебни делови односно управителот на станбената зграда) дека нема користено финансиски средства за било која намена од Буџетот на Општина Гази Баба во периодот пред објава на јавниот повик;

(5) Критериуми и услови за учество на заедница на сопственици на станови или управители на станбена зграда на јавниот повик кои треба целосно да бидат исполнети, се следните:

- Станбените згради за колективно домување да бидат постари од 20 години;
- Заедницата на сопственици на посебните делови на станбената зграда треба да имаат донесено Одлука за согласност за реконструкција на кров на станбената зграда, со достава на список со своерачни потписи од минимум 50% + 1 од сопствениците на посебните делови;
- Заедницата на сопственици на посебните делови на станбената зграда треба да имаат донесено Одлука за кофинасирање со сопствени средства за делот од вкупниот износ за реконструкција на кровот на станбената зграда, со достава на список со своерачни потписи од минимум 50% + 1 од сопствениците на посебните делови;
- Имотен лист со кој се докажува сопственоста;

(6) Кон барањето подносителот - сопственикот на куќа на индивидуално домаќинство во социјален ризик, е должен да ја поднесе следната документација:

- Пополнета апликација - Образец, потпишана од сопственик на куќа на индивидуално домаќинство во социјален ризик;
- Фотокопија на лична карта од сопственикот на куќата;
- Изјава за старост на индивидуалната куќа потпишана од сопственикот на куќата;
- Изјава за согласност за реконструкција на кров на куќа од сопственикот на куќата;
- Изјава за кофинансирање со сопствени средства за дел од вкупните средства за реконструкција на кров на куќа од сопственикот на куќата;
- Имотен лист не постар од 2 месеци за сопственоста на индивидуалната куќа;
- Проектна документација (доколку е изработена при аплицирање). Доколку не е изработена, да се достави најдоцна 30 дена по крајниот рок за аплицирање;

- Понуди од три економски оператори за реконструкција на кровот (доколку се има проектна документација при аплицирање). Доколку се нема, да се достави најдоцна 30 дена по крајниот рок за аплицирање;
- Копија од Трансакциска сметка на сопственикот на куќа;
- Потврда од Центар за социјални работи - подрачна единица Гази Баба за примање на социјална помош од сопственикот на индивидуалната куќа;
- Изјава заверена на нотар од подносителот на барањето (сопственик на куќа на индивидуално домаќинство во социјачен ризик) дека нема користено финансиски средства за било која намена од Буџетот на Општина Гази Баба во периодот пред објава на јавниот повик;

(7) Критериуми и услови за учество на сопствениците на куќи на индивидуално домаќинство во социјален ризик на јавниот повик кои треба целосно да бидат исполнети, се следните:

- Индивидуалните куќи да бидат постари од 20 години;
- Сопствениците на индивидуалната куќа треба да имаат донесено Изјава за согласност за реконструкција на кров на индивидуалната куќа;
- Сопствениците на индивидуалната куќа треба да имаат донесено Изјава за кофинасирање со сопствени средства за делот од вкупниот износ за реконструкција на кровот на индивидуалната куќа;
- Имотен лист со кој се докажува сопственоста;

(8) При теренска проверка од страна на комисијата од член 5 став 1, што задолжително ќе се спроведе кај сите баратели кои ќе ги задоволат условите на првичната проверка, Барателот треба да овозможи пристап до станбената зграда, односно индивидуалната куќа.

**Член 8**

(1) По завршување на јавниот повик, претседателот на комисијата свикува седница на која ќе се разгледуваат сите пристигнати барања.

(2) Комисијата ќе работи согласно принципот **„прв дојден прв услужен"**.

**Член 9**

(1) Врз основа на доставената документација и спроведената постапка од страна на Комисијата, а согласно условите и критериумите од членот 7 и членот 8 на овој правилник, Градоначалникот на Општина Гази Баба носи решение доколку барањето се усвојува, а во случај на неусвојување на барањето, барателот писмено се известува за неусвојувањето, со образложение на причините.

(2) Подносителот на барањето е должен по приемот на решението со кое се усвојува барањето, да склучи договор со економски оператор и за тоа да ја извести комисијата од член 5 став 1 од овој правилник.

(3) Доколку согласно ставот 1 од овој член подносителот на барањето не постапи согласно став 2 од овој член, решението ќе се поништи.

**Член 10**

Општина Гази Баба, финансиските средства од член 1 од овој правилник ќе ги исплати на жиро сметката односно трансакциска сметка која е приложена кон барањето, веднаш по реконструкцијата на кровот на конкретната станбена зграда односно индивидуална куќа од страна на економскиот оператор изведувач на работите.

**Член 11**

Општина Гази Баба преку комисијата од член 5 став 1 од овој правилник, ќе води евиденција на сите доставени барања, согласно овој правилник и сите донесени решенија од страна на Градоначалникот на Општина Гази Баба.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 12**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1233/30**
**од 27 февруари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛИФТ ИЛИ ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВ ЛИФТ ВО СТАНБЕНИТЕ ЗГРАДИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Правилникот за финансиска поддршка за реконструкција на лифт или поставување на нов лифт во станбените згради на подрачјето на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 27 февруари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1768/28**
**од 02 март 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 3 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и третата седница одржана на 27 февруари 2023 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К

# ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛИФТ ИЛИ ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВ ЛИФТ ВО СТАНБЕНИТЕ ЗГРАДИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Со овој правилник се утврдуваат условите, начинот и постапката за користење на финансиските средства утврдени во Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година, со намена за надоместување на трошоците направени при реконструкција на лифт или поставување на нов лифт во станбените згради на подрачјето на Општина Гази Баба.

(2) Право на користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба согласно овој правилник имаат заедниците на сопственици на посебни делови односно управителите на станбените згради на подрачјето на Општина Гази Баба, кои ги исполнуваат условите од овој правилник и ја доставиле потребната документација.

### Член 2

(1) Финансиските средства од член 1 на овој правилник се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година, Програма за локален економски развој, во износ од 2.100.000 денари.

(2) Финансиските средства од став 1 на овој член се доделуваат до нивно целосно искористување.

### Член 3

(1) Финансиските средства од член 1 на овој правилник, ќе се користат за делумен надомест на средствата на заедниците на сопственици на посебни делови и управителите на станбените згради, искористени за реконструкција на лифт во станбена зграда, во износ од 50% од вредноста, но не повеќе од 350.000 денари за реконструкција на лифт во станбена зграда.

(2) Финансиските средства од член 1 на овој правилник, ќе се користат за делумен надомест на средствата на заедниците на сопственици на посебни делови и управителите на станбените згради, искористени за поставување на нов лифт станбена зграда, во износ од 50% од вредноста, но не повеќе од 550.000 денари за поставување на лифт во станбена зграда.

## НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК

### Член 4

(1) За реализирање на средствата од член 1 од овој правилник, општината објавува јавен повик.

(2) Јавниот повик се објавува на веб страната на Општина Гази Баба и во 1 (еден) печатен медиум.

(3) Јавниот повик ќе трае до 15.10.2023 година, односно до реализирање на финансиските средства за оваа намена, со достава на пријавите преку пошта или директно до писарница на Општина Гази Баба, на адреса ул.Архимедова 2, 1000 Скопје.

(4) При спроведување на постапката, согласно динамиката, јавноста ќе биде континуирано известувана за степенот на искористување на предвидените средства, односно за износот на преостанати средства на веб страната на Општина Гази Баба.

**ПОСТАПКА, НАЧИН, УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА**

**Член 5**

(1) За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиските средства од членот 1 на овој правилник, Градоначалникот на Општина Гази Баба формира комисија од 5 (пет) члена и 1 (еден) технички секретар.

(2) Комисијата од став 1 на овој член е составена од претседател и 4 (четири) члена и 1 (еден) технички секретар од редот на вработените во администрацијата на општината.

**Член 6**

Комисијата има право и должност да ги провери податоците во барањето, да изврши увид во соодветноста на документацијата и доколку е потребно да се консултира со стручни лица или овластени лица да направат увид на лице место, како и да бара друга дополнителна документација. За својата работа комисијата составува записник.

**Член 7**

(1) Апликацијата за надоместување на трошоците направени при реконструкција на лифт или поставување на лифт во станбена зграда, заедниците на сопственици и управителите на станбените згради го поднесуваат заедно со потребната документација, во затворен плик преку писарница на Општина Гази Баба до комисијата за спроведување на постапката од член 5 став 1 од овој правилник.

(2) Општина Гази Баба примените барања ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута), заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат и прифаќаат барањата.

(3) Кон барањето подносителот - заедница на сопственици на станови или управител на станбената зграда, е должен да ја поднесе следната документација:

- Пополнета апликација за реконструкција на лифт - Образец, потпишана од претседателот на заедница на сопственици или управител;
- Пополнета апликација за поставување на на нов лифт - Образец, потпишана од претседателот на заедница на сопственици или управител;
- Листа со потписи на сопственици на станбени единици за учество во проектот;
- Решение од Централен Регистар за Заедница на сопственици или Управителот, не постара од 2 месеци;
- Годишен финансиски извештај за 2022 година;
- Изјава за старост на колективниот станбен објект, дадена и потпишана од овластено лице за застапување;
- Одлука за согласност за реконструкција на лифт или поставување на нов лифт во станбена зграда донесена од заедница на сопственици на посебни делови на станбената зграда;

- Одлука за кофинансирање со сопствени средства за дел од вкупните средства за реконструкција на лифт или поставување на нов лифт во станбена зграда, донесена од сопствениците на посебни делови на станбената зграда;
- Имотни листови не постари од 2 месеци на сите сопственици на станови во зградата кои дале согласност;
- Потврда од општината за евиденција во регистарот на станбени згради;
- Проектна документација за поставување на нов лифт (доколку е изработена при аплицирање) Доколку не е изработена, да се достави најдоцна 30 дена по крајниот рок за аплицирање;
- Понуди од три економски оператори за поставување на нов лифт (доколку се има проектна документација при аплицирање). Доколку се нема, да се достави најдоцна 30 дена по крајниот рок за аплицирање;
- Понуда од три економски оператори за реконструкција на лифтот:
- Копија од жиро сметката на заедницата на сопственици односно копија од жиро сметката што ја отворил управителот за потребите на станбената зграда;
- Договор за управувачки услуги (доколку работите на управување со станбената зграда се доверени на управител);
- Изјава заверена на нотар од подносителот на барањето (претседателот на заедницата на сопственици на посебни делови односно управителот на станбената зграда) дека нема користено финансиски средства за било која намена од Буџетот на Општина Гази Баба во периодот пред објава на јавниот повик;

(4) Критериуми и услови за учество на заедница на сопственици на станови или управители на станбена зграда на јавниот повик кои треба целосно да бидат исполнети, се следните:

- Станбените згради за колективно домување да бидат постари од 20 години;
- Заедницата на сопственици на посебните делови на станбената зграда треба да имаат донесено Одлука за согласност за реконструкција на лифтот или поставување на нов лифт во станбената зграда, со достава на список со своерачни потписи од минимум 50% + 1 од сопствениците на посебните делови;
- Заедницата на сопственици на посебните делови на станбената зграда треба да имаат донесено Одлука за кофинасирање со сопствени средства за делот од вкупниот износ за реконструкција на лифт или поставување на нов лифт во станбената зграда, со достава на список со своерачни потписи од минимум 50% + 1 од сопствениците на посебните делови;
- Имотен лист со кој се докажува сопственоста;
- Заедницата на сопственици на посебните делови на станбената зграда треба да доставаат проектна документација за поставување на нов лифт во станбената зграда (проектната документација се однесува само за нов лифт);

(5) При теренска проверка од страна на комисијата од член 5 став 1 од овој правилник, што задолжително ќе се спроведе кај сите баратели кои ќе ги задоволат условите на првичната проверка, барателот треба да овозможи пристап до станбената зграда.

**Член 8**

(1) По завршување на јавниот повик, претседателот на комисијата свикува седница на која ќе се разгледуваат сите пристигнати барања.

(2) Комисијата ќе работи согласно принципот **„прв дојден прв услужен“**.

**Член 9**

(1) Врз основа на доставената документација и спроведената постапка од страна на комисијата а согласно условите и критериумите од членот 7 и членот 8 од овој правилник, Градоначалникот на Општина Гази Баба носи решение доколку барањето се усвојува, а во случај на неусвојување на барањето, барателот писмено се известува за неусвојувањето, со образложение на причините.

(2) Подносителот на барањето е должен по приемот на решението со кое се усвојува барањето, да склучи договор со економски оператор и за тоа да ја извести комисијата од член 5 став 1 од овој правилник.

(3) Доколку согласно ставот 1 од овој член подносителот на барањето не постапи согласно став 2 од овој член, решението ќе се поништи.

**Член 10**

Општина Гази Баба, финансиските средства од член 1 од овој правилник ќе ги исплати на жиро сметката која е приложена кон барањето, веднаш по реконструкцијата на лифтот или поставувањето на нов лифт на конкретната станбена зграда од страна на економскиот оператор изведувач на работите.

**Член 11**

Општина Гази Баба преку комисијата од член 5 став 1 од овој правилник, ќе води евиденција на сите доставени барања согласно овој правилник и сите донесени решенија од страна на Градоначалникот на Општина Гази Баба.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 12**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1233/31**
**од 27 февруари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА КУПУВАЊЕ НА ВЕЛОСИПЕДИ**

1. Се објавува Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на велосипеди, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 27 февруари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1768/29**
**од 02 март 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 2 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и треттата седница одржана на 27 февруари 2023 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА КУПУВАЊЕ НА ВЕЛОСИПЕДИ**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишуваат конкретните услови, начин и постапката за користење на финансиски средства утврдени со Буџетот на Општина Гази Баба со намена за субвенционирање на дел од трошоците на граѓаните на Општина Гази Баба направени при купување на велосипеди.

**Член 2**

(1) Финансиските средства од член 1 од овој правилник се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба со намена субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на велосипеди.

(2) Финансиските средства од став 1 на овој член ќе се користат за надоместување на дел од трошоците на граѓаните на Општина Гази Баба направени при купување на велосипеди до 30 ноември во тековната година односно до исцрпување на средствата предвидени во Буџетот на Општина Гази Баба.

**Член 3**

Финансиските средства од член 1 од овој правилник ќе се користат за делумен надомест на средствата на граѓаните на Општина Гази Баба искористени за купување на велосипеди, во износ од 50% од вредноста на велосипедот но не повеќе од 3.000,00 денари по лице, со вклучен персонален данок на доход.

## II. ЈАВЕН ПОВИК

**Член 4**

(1) За реализирање на точка 3 од Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за субвенционирање на дел од трошоците на граѓаните на Општина Гази Баба за купување велосипед, општината објавува јавен повик.

(2) Јавниот повик се објавува на веб страната на Општина Гази Баба (www.gazibaba.gov.mk) и во два печатени медиуми.

(3) Јавниот повик ќе трае од денот на објавувањето се до 30 ноември во тековната година односно до исцрпување на средствата наменети за оваа намена со Буџетот на Општина Гази Баба.

(4) Кога ќе бидат исцрпени предвидените финансиски средства, Оштина Гази Баба ќе ја информира јавноста дека јавниот повик е завршен на својата веб страната.

(5) Јавниот повик ќе се реализира по редослед на аплицирање, односно по дата и време на аплицирање по принципот **"прв дојден, прв услужен"**.

## III. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

### Член 5

(1) Право на учество на јавниот повик имаат жителите на Општина Гази Баба, физички лица, кои купиле велосипед во периодот од објава на јавниот повик се до исцрпувањето на буџетот наменет за јавниот повик, но не подоцна од 30 ноември во тековната година односно до исцрпувањето на буџетот наменет за јавниот повик, кои ќе ја доставaт потребната документација и кои ќе ги исполнат условите од овој правилник.

(2) Членовите на комисијата при утврдување на исполнување на условите од член 6 на овој правилник, вршат обработка на личните податоци на субјектите дадени при пополнување на барањето за субвенција за купување на еден велосипед, врз основа на решенија за овластување за вршење обработка на лични податоци во Општина Гази Баба.

## IV. НАЧИН, УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

### Член 6

(1) Барателот е должен потребната документација во затворен плик да ја достави во архивата на општината на адреса ул.Архимедова бр.2, секој работен ден од 7:30 до 16:30 часот. На пликот треба да биде наведено **"Јавен повик за субвенционирање на дел од трошоците за купување велосипед за граѓаните на Општина Гази Баба"**.

(2) Барателот е потребно да ги исполни следните услови:

- да е жител на Општина Гази Баба,
- да нема искористено субвенција за купување велосипед и
- новиот велосипед да го има купено во Република Македонија од денот на објавување на јавниот повик се до исцрпувањето на буџетот наменет за јавниот повик, но не подоцна од 30 ноември во тековната година.

### Член 7

(1) Барателот е должен да ја поднесе следната документација за исполнување на услови за добивање надоместок:

- Пополнето барање, кое може да се подигне од архивата на Општина Гази Баба или да се обезбеди преку интернет страната на општината (www.gazibaba.gov.mk),
- доказ за жителство во Општина Гази Баба со поднесување на фотокопија од лична карта на подносителот,
- фотокопија од трансакциска сметка на подносителот,
- доказ дека е извршено купување на нов велосипед од Република Македонија, и тоа со прикачување на фискална сметка издадена во Република Македонија, со датум од денот на објавување на Јавниот повик се до исцрпувањето на буџетот наменет за Јавниот повик, при што задолжително е велосипед да е целосно отплатен, плаќањето на рати не се прифаќа.

(2) Едно лице може само еднаш да аплицира за добивање на субвенција за купување на еден велосипед.

### Член 8

(1) За утврдување на исполнување на условите од членот 6 од овој правилник, Градоначалникот формира Комисија за спроведување на постапката за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување велосипед составена од 5 члена. (во натамошен текст: комисија) од редот на вработените во администрацијата на Општина Гази Баба.

(2) Членовите на комисијата при утврдување на исполнување на условите од член 6 од овој правилник, вршат обработка на личните податоци на субјектите дадени при пополнување на барањето за субвенции за купување велосипед врз основа на решенија за овластувања за вршење обработка на лични податоци во Општина Гази Баба.

**Член 9**

(1) Барањето за надоместување на дел од трошоците за купување велосипед, заедно со потребната документација, граѓаните ги поднесуваат до комисијата преку архивата на Општина Гази Баба.

(2) Архивата на Општина Гази Баба примените барања ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута), заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат барањата.

**Член 10**

(1) По објавување на јавниот повик, претседателот на комисијата свикува состанок согласно динамиката на пристигнување на барањата, се до неговото завршување, односно до исцрпување на буџетот, на која ќе се разгледуваат пристигнатите барања во однос на тоа дали ја содржат потребната докуметација.

**Член 11**

(1) Врз основа на доставената документација и спроведената постапка, комисијата го утврдува исполнувањето на условите од член 6 од овој правилник и доставува предлог до Градоначалниот на Општина Гази Баба за усвојување или неусвојување на барањето за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба.

(2) За барателите кои ги исполниле условите согласно јавниот повик, Градоначалникот на Општина Гази Баба на предлогот на комисијата носи решение за усвојување на барањето.

(3) За барателите кои ги не исполниле условите согласно јавниот повик, Градоначалникот на Општина Гази Баба на предлогот на комисијата ги известува барателите за неусвојување на барањето.

**Член 12**

Општина Гази Баба преку секторот за заштита на животната средина и природата и секторот за финансиски прашања, води евиденција на сите доставени барања од физички лица за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба согласно овој правилник и сите донесени решенија од страна на Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 13**

Овај правилник влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'' .

**Број 09-1233/32**
**од 27 февруари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА КУПУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРИЧНИ ТРОТИНЕТИ**

1. Се објавува Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на електрични тротинети, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 27 февруари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1768/30**
**од 02 март 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 2 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и третата седница одржана на 27 февруари 2023 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА КУПУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРИЧНИ ТРОТИНЕТИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишуваат конкретните услови, начин и постапка за користење на финансиски средства утврдени со Буџетот на Општина Гази Баба, со намена за субвенционирање на дел од трошоците на граѓаните на Општина Гази Баба направени при купување електрични тротинети.

**Член 2**

(1) Финансиските средства од член 1 од овој правилник се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба со намена субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на електрични тротинети.

(2) Финансиските средства од став 1 на овој член ќе се користат за надоместување на дел од трошоците на граѓаните на Општина Гази Баба направени при купување електрични тротинети од денот на објавување на јавниот повик до 30 ноември тековната година односно до исцрпување на средствата предвидени во Буџетот на Општина Гази Баба.

**Член 3**

Финансиските средства од член 1 од овој правилник ќе се користат за делумен надомест на средствата на граѓаните на Општина Гази Баба искористени за купување на електричен тротинет, во износ од 30% од вредноста на електричниот тротинет, но не повеќе од 7.000,00 денари по лице, со вклучен персонален данок на доход.

## II. ЈАВЕН ПОВИК

**Член 4**

(1) За реализирање на точка 4 од Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за субвенционирање на дел од трошоците на граѓаните на Општина Гази Баба за купување електричен тротинет, општината објавува јавен повик.

(2) Јавниот повик се објавува на веб страната на Општина Гази Баба (www.gazibaba.gov.mk) и во два печатени медиуми.

(3) Јавниот повик ќе трае од денот на објавувањето се до 30 ноември во тековната година односно до исцрпување на средствата наменети за оваа намена со Буџетот на Општина Гази Баба.

(4) Кога ќе бидат исцрпени предвидените финансиски средства, Оштина Гази Баба ќе ја информира јавноста дека јавниот повик е завршен на својата веб страна.

(5) Јавниот повик ќе се реализира по редослед на аплицирање, односно по дата и време на аплицирање по принципот "прв дојден, прв услужен".

## III. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

### Член 5

(1) Право на учество на јавниот повик имаат жителите на Општина Гази Баба, физички лица, кои ќе купат електричен тротинет во периодот од објава на јавниот повик се до исцрпувањето на буџетот наменет за јавниот повик, но не подоцна од 30 ноември во тековната година односно до исцрпувањето на буџетот наменет за јавниот повик, кои ќе ја достават потребната документација и кои ќе ги исполнат условите од овој правилник.

(2) Членовите на комисијата при утврдување на исполнување на условите од член 6 од овој правилник, вршат обработка на личните податоци на субјектите дадени при пополнување на барањето за субвенција за купување на еден електричен тротинет, врз основа на решенија за овластување за вршење обработка на лични податоци во Општина Гази Баба.

## IV. НАЧИН, УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

### Член 6

(1) Барателот е должен потребната документација во затворен плик да ја достави во архивата на општината на адреса ул.Архимедова бр.2, секој работен ден од 7:30 до 16:30 часот. На пликот треба да биде наведено **"Јавен повик за субвенционирање на дел од трошоците на граѓаните на Општина Гази Баба за купување електричен тротинет"**.

(2) Барателот е потребно да ги исполни следните услови:

- да е жител Општина Гази Баба,
- да нема искористено субвенција за купување електричен тротинет и
- новиот електричен тротинет да го има купено во Република Македонија од денот на објавување на јавниот повик се до исцрпувањето на буџетот наменет за јавниот повик, но не подоцна од 30 ноември во тековната година.

### Член 7

(1) Барателот е должен да ја поднесе следната документација за исполнување на услови за добивање надоместок :

- пополнето барање, кое може да се подигне од архивата на Општина Гази Баба или да се обезбеди преку интернет страната на општината (www.gazibaba.gov.mk),
- доказ за жителство во Општина Гази Баба со поднесување на фотокопија од лична карта на подносителот,
- фотокопија од трансакциска сметка на подносителот,
- доказ дека е извршено купување на нов електричен тротинет и тоа со прикачување на фискална сметка издадена во Република Македонија, со датум од денот на објавување на Јавниот повик се до исцрпувањето на буџетот наменет за Јавниот повик, при што задолжително е електричен тротинет да е целосно отплатен (плаќањето на рати не се прифаќа).

(2) Едно лице може само еднаш да аплицира за добивање на субвенција за купување на еден електричен тротинет.

### Член 8

(1) За утврдување на исполнување на условите од членот 6 од овој правилник, Градоначалникот формира Комисија за спроведување на постапката за

субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување електричен тротинет, составена од 5 члена (во натамошен текст: комисија) од редот на вработените во администрацијата на Општина Гази Баба.

(2) Членовите на комисијата при утврдување на исполнување на условите од член 6 од овој правилник, вршат обработка на личните податоци на субјектите дадени при пополнување на барањето за субвенции за купување електричен тротинет врз основа на решенија за овластувања за вршење обработка на лични податоци во Општина Гази Баба.

**Член 9**

(1) Барањето за надоместување на дел од трошоците за купување електричен тротинет, заедно со потребната документација, граѓаните ги поднесуваат до комисијата преку Архивата на Општина Гази Баба.

(2) Архивата на Општина Гази Баба примените барања ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута), заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат барањата.

**Член 10**

(1) По објавување на јавниот повик, претседателот на комисијата свикува состанок согласно динамиката на пристигнување на барањата, се до неговото завршување, односно до исцрпување на буџетот, на која ќе се разгледуваат пристигнатите барања во однос на тоа дали ја содржат потребната докуметација.

**Член 11**

(1) Врз основа на доставената документација и спроведената постапка, комисијата го утврдува исполнувањето на условите од член 6 од овој правилник и доставува предлог до Градоначалниот на Општина Гази Баба за усвојување или неусвојување на барањето за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба.

(2) За барателите кои ги исполниле условите согласно јавниот повик, Градоначалникот на Општина Гази Баба на предлогот на комисијата донесува решение за усвојување на барањето.

(3) За барателите кои ги не исполниле условите согласно јавниот повик, Градоначалникот на Општина Гази Баба на предлогот на комисијата ги известува барателите за неусвојување на барањето.

**Член 12**

Општина Гази Баба преку секторот за заштита на животната средина и природата и секторот за финансиски прашања, води евиденција на сите доставени барања од физички лица за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба согласно овој правилник и сите донесени решенија од страна на Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 13**

Овај правилник влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'' .

**Број 09-1233/33**
**од 27 февруари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА КУПУВАЊЕ НА ВИСОКОЕФИКАСНИ ИНВЕРТЕР КЛИМА УРЕДИ**

1. Се објавува Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на високоефикасни инвертер клима уреди, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 27 февруари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1768/31**
**од 02 март 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 2 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и третата седница одржана на 27 февруари 2023 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА КУПУВАЊЕ НА ВИСОКОЕФИКАСНИ ИНВЕРТЕР КЛИМА УРЕДИ**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишуваат конкретните услови, начин и постапка за користење на финансиски средства утврдени со Буџетот на Општина Гази Баба, со намена за надоместување на трошоците направени при купување на високоефикасни инвертер клима уреди.

**Член 2**

(1) Финансиските средства од член 1 од овој правилник се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба со намена субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на високоефикасни инвертер клима уреди.

(2) Финансиските средства од став 1 од овој член ќе се користат за надоместување на дел од трошоците на граѓаните на Општина Гази Баба направени при купување на високоефикасни инвертер клима уреди од денот на објавување на јавниот повик се до 30 ноември тековната година односно до исцрпување на средствата предвидени во Буџетот на Општина Гази Баба.

**Член 3**

Финансиските средства од член 1 од овој правилник ќе се користат за делумен надомест на средствата на граѓаните на Општина Гази Баба искористени за купување на високоефикасни инвертер клима уреди, во износ од 50% од вредноста на уредот, но не повеќе од 30.000,00 денари по лице, со вклучен персонален данок на доход.

## II. ЈАВЕН ПОВИК

**Член 4**

(1) За реализирање на точка 1 од Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за субвенционирање на дел од трошоците на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на високоефикасни инвертер клима уреди, општината објавува јавен повик.

(2) Јавниот повик се објавува на веб страната на Општина Гази Баба (www.gazibaba.gov.mk) и во два печатени медиуми.

(3) Јавниот повик ќе трае од денот на објавувањето се до 30 ноември во тековната година односно се до исцрпување на средствата наменети за оваа намена со Буџетот на Општина Гази Баба.

(4) Кога ќе бидат исцрпени предвидените финансиски средства, Општина Гази Баба ќе ја информира јавноста дека јавниот повик е завршен на својата веб страна.

(5) Јавниот повик ќе се реализира по редослед на аплицирање, односно по дата и време на аплицирање по принципот "прв дојден, прв услужен".

## III. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Член 5**

(1) Право на учество на јавниот повик имаат жителите на Општина Гази Баба кои ќе купат и вградат високоефикасен инвертер клима уред во своето домаќинство во периодот од објава на јавниот повик се до исцрпувањето на буџетот наменет за јавниот повик, но не подоцна од 30 ноември во тековната година, кои ќе ја достават потребната документација и кои ќе ги исполнат условите од овој правилник.

(2) Членовите на комисијата при утврдување на исполнување на условите од член 6 од овој правилник, вршат обработка на личните податоци на подносителите дадени при пополнување на барањето за субвенција за купување на високоефикасен инвертер клима уред, врз основа на решенија за овластување за вршење обработка на лични податоци во Општина Гази Баба.

## IV. НАЧИН, УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**Член 6**

(1) Барателот е должен потребната документација во затворен плик да ја достави во архивата на општината на адреса ул.Архимедова бр.2, секој работен ден од 7:30 до 16:30 часот. На пликот треба да биде наведено **"Јавен повик за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување високоефикасен инвертер клима уред"**.

(2) Барателот е потребно да ги исполни следните услови:

- да е жител на Општина Гази Баба,
- да нема искористено субвенции за затоплување (печки на пелети/инвертери) на своето домаќинство (станбен објект) од било кој извор на Република Македонија,
- да е корисник на печка на јаглен, дрва, нафта или мазут,
- да ја предаде постојната печка на јаглен, дрва, нафта или мазут на општината исклучиво по добивање известување за место и време на предавање на печката, по електронски пат од страна на комисијата,
- набавениот уред да биде купен во 2023 година, во период од објавување на јавниот повик и истиот да биде инсталиран на адресата на живеење наведена во личната карта на барателот,
- набавениот уред задолжително да ги има најмалку следните карактеристики: да има најмалку COP 3.5, да грее на надворешна температура од -15°C и биде најмалку А+ енергетска класа за потрошувачка на електрична енергија за греење,
- станбениот објект да не е во фаза на градба и во него барателот да живее,
- да нема приклучок на градско централно греење во станбениот објект каде што ќе биде инсталиран уредот, без оглед на тоа дали го користи или бил корисник,
- да има платено данок на имот за станбениот објект во кој ќе биде инсталирана печката на пелети заклучно со 2022 година.

**Член 7**

(1) Барателот е должен да ја поднесе следната документација за исполнување на услови за добивање надоместок:

- пополнето барање, кое може да се подигне од архивата на Општина Гази Баба или да се обезбеди преку интернет страната на општината (www.gazibaba.gov.mk),
- фотографија од печката/ите на дрва, јаглен, нафта или мазут која/и ја/ги користи;
- нотарски заверена изјава дека доброволно и без надомест ќе ја предаде

постојната печка на дрва, јаглен, нафта или мазут на општината, дека нема искористено субвенции за затоплување (печки на пелети / инвертери) на своето домаќинство од било кој извор на Република Македонија и дека е согласен неговите лични податоци да се користат исклучиво за ова субвенционирање (пример од изјавата подигне од архивата на Општина Гази Баба или да се обезбеди преку интернет страната на општината (www.gazibaba.gov.mk),

- оригинална потврда/и, заверена/и со потпис и печат од продавачот, дека набавениот инвертер клима уред е високоефикасен т.е. ги исполнува следните минимални карактеристики: да има најмалку COP 3.5, да грее на надворешна температура од -15°C и биде најмалку A+ енергетска класа за потрошувачка на електрична енергија за греење (пример на потврдата подигне од архивата на Општина Гази Баба или да се обезбеди преку интернет страната на општината(www.gazibaba.gov.mk),
- оригинален доказ дека е извршено купување во 2023 година и тоа со само една фискална/и сметка/и или фактура со прилог уплатница или фактура со прилог извод од деловна банка за извршена уплата во целост,
- трансакциска сметка исклучиво лична на барателот (не ополномоштена од трето лице),
- сметки од броила за електрична енергија за одделни домаќинства на иста адреса на живеење (доколку две или повеќе домаќинства живеат на иста адреса согласно точка 2 од членот 7),
- оригинална/и потврда/и, заверена/и со потпис и печат од општината, дека старата/ите печка/и е/се предадена/ни. Потврдата содржи: име, презиме и адреса на барателот, место и датум на предавање, како и идентификационен број на апликација, и се поднесува дополнително исклучиво по добиено известување по електронски пат од страна на комисијата дека истата може да ја предаде,
- барање за издавање потврда за подмирени обврски по основ на данок на имот за станбениот објект каде што е инсталирана печката заклучно со 2022 година, (барањето може да се подигне во архивата на Општина Гази Баба или да се обезбеди од интернет страницата на Општината: www.gazibaba.gov.mk).

(2) Повеќе домаќинства кои се водат на иста адреса задолжително да доставаат сметки од различни броила за електрична енергија како доказ дека се посебни одвоени домаќинства.

**Член 8**

(1) За утврдување на исполнување на условите од членот 6 од овој правилник, Градоначалникот формира Комисија за спроведување на постапката за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување високоефикасни инвертер клима уреди, составена од 5 члена (во натамошен текст: комисија) од редот на вработените во администрацијата на Општина Гази Баба.

(2) Членовите на комисијата при утврдување на исполнување на условите од член 6 од овој правилник, вршат обработка на личните податоци на субјектите дадени при пополнување на барањето за субвенции за купување високоефикасни инвертер клима уреди врз основа на решенија за овластувања за вршење обработка на лични податоци во Општина Гази Баба.

**Член 9**

(1) Барањето за надоместување на дел од трошоците за купување високоефикасни инвертер клима уреди заедно со потребната документација, граѓаните ги поднесуваат до комисијата преку Архивата на Општина Гази Баба.

(2) Архивата на Општина Гази Баба примените барања ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута), заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат барањата.

**Член 10**

(1) По објавување на јавниот повик, претседателот на комисијата свикува состанок согласно динамиката на пристигнување на барањата, се до неговото завршување, односно до исцрпување на буџетот, на која ќе се разгледуваат пристигнатите барања во однос на тоа дали ја содржат потребната документација.

(2) Комисијата е должна постапката да ја спроведе во четири фази, и тоа:

- во првата фаза комисијата ги разгледува пристигнатите поради утврдување на редоследот по кој ќе се разгледуваат барањата,
- во втората фаза комисијата врши детален увид во уредно доставената документација од членот 7 заради утврдување на исполнување на условите од членот 6 од овој правилник,
- во трета фаза комисијата ги известува барателите кои ги исполнуваат условите по електронски пат за местото и времето на предавање на печка/ите, и
- во четврта фаза комисијата врши преглед на потврдите за предадените печки и ги приклучува кон уредно доставената документација од член 7 од овој правилник.

(3) Комисијата го задржува правото да изврши теренски увид кај баратели кои имаат доставено уредна и комплетна документација за да утврди дека ги исполниле условите од јавниот повик и член 6 став 2 од овој правилник а барателот треба да овозможи пристап до станбениот објект и просторијата во која е инсталиран набавениот уред.

**Член 11**

(1) Врз основа на доставената документација и спроведената постапка, комисијата го утврдува исполнувањето на условите од член 6 од овој правилник и доставува предлог до Градоначалниот на Општина Гази Баба за усвојување или неусвојување на барањето за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба.

(2) За барателите кои ги исполниле условите согласно јавниот повик, Градоначалникот на Општина Гази Баба на предлогот на комисијата донесува решение за усвојување на барањето.

(3) За барателите кои ги не исполниле условите согласно јавниот повик, Градоначалникот на Општина Гази Баба на предлогот на комисијата ги известува барателите за неусвојување на барањето.

**Член 12**

